https://odnasataucilnica.com/

# УЧИЛИШТЕН ПРИБОР

Во темнината се слушаше тивко липање.

- Кој плаче? – се слушна глас.
- Тоа сум јас, малата тетратка без линии! – одговори низ солзи тетратката.
- А зошто плачеш? – пак праша гласот.
- Вчера Јасна ме зеде од книжарницата и наместо да ме однесе во училиште, таа ме затвори овде. Овде е тесно и мрачно. – плачеше малата тетратка.
- Избриши ги солзите! – извика острилката. – Капат врз моето метално тело. Ќе ’рѓосам!
- Јас ќе ти ги избришам солзите! – се јави гумата за бришење!
- Ајде потивко! – се јави платнената футрола – Ќе ги разбудите моите боички и моливчиња!
- Бидете тивки и не вознемирувајте се! – повторно се јави гласот. – Утре Јасна ќе нѐ стави во училишниот ранец и ќе нѐ однесе во училиште.
- А кој си ти? – прашаа ножичките. - Како знаеш што ќе се случи со нас?
- Јас сум големата тетратка без линии. Ја слушнав мајка ѝ кога ѝ рече на Јасна да го прибере купениот прибор во шкафчето, за да биде чист и уреден кога следниот ден ќе го носи во училиште.

Во шкафчето завладеа тишина. Сите се смирија. Заспаа и сонуваа за првиот училиштен ден.

https://odnasataucilnica.com/

Прашања за разговор:

Чиј е приборот во шкафчето?

Зошто е вознемирена малата тетратка?

Како треба да се однесуваме кон училишниот прибор?

Наброј што имаш во училишниот ранец!

Да се илустрира текстот во тетратката!